Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 5**

**09.03.2018**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на ОДЛУКА**
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Изработка на проектна документација за канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Жван, Општина Демир Хисар"**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Изработка на проектна документација за канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Жван, Општина Демир Хисар"донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-269/1 Општина Демир Хисар**
**09.03.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

107. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 07.03.2018 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Изработка на проектна документација за канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Жван, Општина Демир Хисар"**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **"Изработка на проектна документација за канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Жван, Општина Демир Хисар"**.

Проценетата вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 631.300,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Министерството за животна средина и просторно планирање во вредност од 535.000,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 96.300,00 денари ќе биде сопственото учество на Општина Демир Хисар.

Член 2

Оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар ја донесува врз основа на Конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2018 година објавен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 17-249/2 Претседател**
**07.03.2018 год. на Совет на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на О Д Л У К А**
**за одобрување на приоритетен проект со кој ќе се аплицира по Проектот„Водоснабдување и одведување отпадни води" за одобрување на проект за „Изработка на проектна документација и изградба на канализациона**

**мрежа со предтретман на отпадни води за с.Белче, Општина Демир Хисар“**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на приоритетен проект со кој ќе се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“за одобрување на проект за „Изработка на проектна документација и изградба на канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Белче, Општина Демир Хисар“ донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-269/2 Општина Демир Хисар**
**09.03.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

108. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европска Инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ („Службен весник на РМ“ бр. 83/10), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 07.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на приоритетен проект со кој ќе се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“**

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува инфраструктурниот проект за „Изработка на проектна документација и изградба на канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Белче, Општина Демир Хисар“ како приоритетен проект.

Член 2

Со овој проект ќе се аплицира за користење на средствата од Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ обезбедени со заем кај Европската Инвестициона Банка.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на општина Демир Хисар да ги превземе сите дејствија во врска со аплицирање за користење на средствата обезбедени со заемот кај Европската Инвестициона Банка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**Бр. 17-249/3 Претседател**
**07.03.2018 год. на Совет на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на ИЗЈАВА дека Општина Демир Хисар ги исполнува / ќе ги исполни условите за добивање на средства од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“**

1.Ја објавувам ИЗЈАВАТА дека Општина Демир Хисар ги исполнува / ќе ги исполни условите за добивање на средства од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-269/3** **Општина Демир Хисар**
**09.03.2018 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Марјанче Стојановски с.р.**

109.Врз основа на член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 7/09, 16/13 и 18/14), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот “Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ бр.83/10) , Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 07.03.2018 година, дава

**ИЗЈАВА**
**дека Општина Демир Хисар ги исполнува / ќе ги исполни следните услови**

Општината Демир Хисар има формирано ЈКП “Комуналец“ Демир Хисар.

ЈКП “Комуналец“ Демир Хисар ги покрива услугите кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

ЈКП “Комуналец“ Демир Хисар со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот.

Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината, за секој проект посебно.

Сите досега финансирани проекти за водоснабдување и одведување на отпадни води во Општината Демир Хисар од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

архивски број и дата

**потпис и печат**
**Бр. 17-249/4**
**07.03.2018 година** **Благоја Станојоски с.р.**

**Напомена:** доколку општината аплицира за проектите со вредност поголема од 3.000.000,00 Евра, потребно е да даде изјава во врска со точката 6 од условите, односно дека ќе изготви Физибилити студија.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант,согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка заПроект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-269/4** **Општина Демир Хисар**
**09.03.2018 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Марјанче Стојановски с.р.**

110.Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ број 03/02, 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на својата деветта седница одржана на ден 07.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант,согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка заПроект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар да го потпише на Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Демир Хисар, да го потпише Договорот за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 17-249/5** **Претседател**
**07.03.2018 год.** **на Совет на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар** **Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука**
**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Демир Хисар донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-269/5 Општина Демир Хисар**
**09.03.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

111.Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ број 03/02, 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Демир Хисар на својата деветта седница одржана на ден 07.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Демир Хисар

Член 1

Во случај на непочитување на договорените услуги, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Демир Хисар, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се случат согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), помеѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Демир Хисар да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Демир Хисар до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11).

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 17-249/6 Претседател**
**07.03.2018 год. на Совет на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на ПРАВИЛНИК**
**за измена на Правилникот за утврдување критериуми и постапка за доделување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам ПРАВИЛНИКОТ за измена на Правилникот за утврдување критериуми и постапка за доделување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Демир Хисар донесен на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-269/6 Општина Демир Хисар**
**09.03.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

112.Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), како и член 43, став 1, точка 20 од

Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 07.03.2018 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за измена на Правилникот за утврдување критериуми и постапка за доделување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Демир Хисар**

**Член 1**

Во Правилник за утврдување критериуми и постапка за доделување на средства за здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 04/2018 година), во член 3 став 2 се бришат зборовите “во најмалку два дневни весници на територија на Република Македонија, како и “.

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

**Бр. 17-249/7** **Претседател**
**07.03.2018 год. на Совет на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар** **Благоја Станојоски с.р.**

---------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Изработка на проектна документација за канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Жван, Општина Демир Хисар-------------------------------------------------------1
2. Одлука за одобрување на приоритетен проект со кој ќе аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ за одобрување на проект за „Изработка на проектна документација и изградба на канализациона мрежа со предтретман на отпадни води с.Белче, општина Демир Хисар“---------------------------2
3. Изјава дека Општина Демир Хисар ќе ги исполни условите за добивање на средства од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“--------------------------------------------3
4. Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија-------------------------------------------------------4
5. Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средствата од буџетската сметка на Општина Демир Хисар-----------5
6. Правилник за измена на Правилникот за утврдување критериуми и постапка за доделување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Демир Хисар------------------------------------------6

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**